438

До

Националната комисија за учебници при

Министерството за образование и наука на

Република Северна Македонија

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup
Примено: Pranuar: 15 MAY 2026
Орг. Един. Njësia Org.: 26 | Број: Numër: 438/3 | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë:

ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител доц. д-р Анита Ангелевска за

наставниот предмет по МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за VIII (осмо) одделение во деветгодишното основното образование.

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, избрана сум за член известител за наставниот предмет МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за VIII (осмо) одделение во деветгодишното основното образование. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија по електронски пат на 7.4.2026 година, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 3 од 13.5.2025 година, го поднесувам следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**

за наставниот предмет МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за VIII (осмо) одделение во деветгодишното основното образование. Врз основа на добиените материјали од Педагошката служба на на МОН:

- Стручно мислење од 18 февруари, 2022, со архивски број 26 - 49/ 51 од Бирото за развој на образование
- Конечно мислење на рецензентската комисија од 13 мај, 2026 со архивски број 26-350/20, за избор на учебник по предметот МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за VIII (осмо) одделение во деветгодишното основното образование, ги наведувам нивните мислења:

Во конечното мислење на резензентската комисија во состав проф. д-р Венко Андоновски - претседател и членовите проф. д-р Славица Велева и д-р Александра Лазаревска стои: „Рецензентската комисија, по извршениот повторен увид во коригираниот ракопис на учебникот по предметот Македонски јазик за осмо одделение, констатира дека авторот / авторите постапил / е по забелешките и препораките содржани во претходното резензентско мислење.

Комисијата оценува дека во коригираната верзија се извршени потребните дополнувања и корекции, при што ракописот ги задржува стручните, методичите и јазичните квалитети, што беа утврдени при претходната рецензија.

Согласно наведеното рецензентската комисија дава позитивно конечно мислење за ракописот со шифра 2 (ДВА) и предлага истиот да биде прифатен во понатамошна постапка“ за издавање и употреба.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

**Согласно горе наведеното конечно мислење на Рецензентската комисија и претходното поизитвно мислење на Бирото за развој на образованието за ракописот со шифра број 2 (ДВА) на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за VIII (осмо) одделение во деветгодишното основното образование. им предлагам ДА ГО ПРИФАТИ МИСЛЕЊЕТО НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И КОНЕЧНОТО МИСЛЕЊЕ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА И РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК ПО ПРЕДМЕТОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за VIII (осмо) одделение во деветгодишното основното образование со шифра број 2 (ДВА), ДА ГО ПРИФАТИ И ИСТИОТ ДА ЈА ПРОДОЛЖИ НАТАМОШНАТА ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ И УПОТРЕБА.**

Скопје, 15.5.2026 година

Известител,

доц. д-р Анита Ангелевска